





# ADING

состојка на секоја градба

www.ading.com.mk







# За нас



*Пред 40 години, во далечната 1969 година се почнало нешто ново, предизвикувачко и непознато. Создадена е фирма со голема визија, ентузијазам и желба да успее. Да се биде прв, чекор пред другите и пред времето. Успеале, го создале Адинг и го граделе неговото име. Чекор по чекор, година по година. Силата ја црпеле од себе и од младите кадри на кои несебично им ја предавале визијата и перспективата. Но доаѓа 1987 година. Најтешкиот период за Адинг. Го плативме данокот на пребрзиот развој со трагедијата во фабриката кога беа изгубени 7 млади инженери, техничари и работници. Ние продолживме. Стигнавме до денеска. Сега сме четири споени генерации, родени илјада деветстотини педесет и некоја, шеесет и некоја, седумдесет и некоја и осумдесет и некоја. Ја имаме привилегијата и одговорноста да работиме во Адинг, да продолжиме. Го уриваме стереотипот дека македонска компанија не може да биде силна и да извезува „спакуван ум“. Да, ние можеме, застапени сме во сите држави на Балканот, но тоа за нас не е доволно. Одиме понатаму, освен на Балканот, во Русија, Украина, Казахстан, ќе бидеме застапени и на пазарот во Иран. Можеме, нашата движечка сила е во нас, ние сме и ќе бидеме „состојка на секоја градба“, овде, таму и понатаму.*

- 40 години искуство
- повеќе од 100 производи
- застапеност во над 13 земји во светот
- повеќе од 160 вработени
- 40% високостручен инженерски кадар
- висок степен на организација и корпоративно уредување
- иновација, постојано истражување и развој
- квалитет и стандарди
- техничка подршка за нашите клиенти во рок од 24 часа, каде било во светот

*Генерален директор и Претседател на Управен одбор*
*Благоја Дончев дипл.град.инж.*

АДИНГ е водечка компанија во Југоисточна Европа за производство на хемиски материјали за градежништвото, основана уште во 1969 година. Компанијата е во приватна сопственост со акционерски капитал. Матичната компанија е во Скопје, Р. Македонија, каде е и позициониран најголемиот производствен погон. Денес компанијата, следејќи ги глобалните пазарни текови, преку своите фирми и претставништва е присутна во регионите на Југоисточна Европа, Блискиот Исток и Азија. Во 2009 година го отвори и најновиот погон во Р. Бугарија, а во тек е изградбата на уште еден погон во Р. Иран.

Денес, во состав на деловниот систем Адинг, функционираат повеќе фирми.

Во Р. Македонија:

- **ИНВЕСТ А,** инженеринг работи;
- **БИЗНИС ЦЕНТАР АДИНГ,** продажба и трговија;
- **БИРО ПРОЕКТ,** проектирање, маркетинг и консалтинг;
- **ГРАДИТЕЛ – АДИНГ,** трговија со градежни машини;
- **Л.А. ХЕМИЈА,** продажба и трговија со хемиски производи.

Во странство:

- **АДИНГ БЕЛГРАД,** во Србија;
- **АДИНГ БУГАРИЈА,** во Бугарија;
- **АДИНГ ХЕЛАС,** во Грција;
- **АДИНГ КРОАЦИЈА**, во Хрватска;
- **АДИНГ ПЕРСИЈА,** во Иран.







# Водечки тим



**ДОНЧЕВ БЛАГОЈА**
Претседател на управен одбор и
Генерален директор на деловниот систем
Дипл. град. инж.



**ФИЛИПОСКИ ПЕТРЕ**
Заменик претседател на Управен одбор и
заменик генерален директор
Дипл. инж. техн.



**ПЕТРОВСКИ ЗОРАН**
Член на Управен одбор и
заменик генерален директор
Дипл. инж. арх.



**КАРАТУКОВ ДОНЧО**
Член на Управен одбор и
помошник генерален директор
Дипл. инж. арх.



**КАРАНФИЛОВ ЉУБЧО**
Член на Управен одбор и
управител на ИНВЕСТ-А ДООЕЛ Скопје
Дипл. ел. инж.









# Вработени











Адинг е инженерска компанија која вработува повеќе од 160 луѓе, од кои 40% се со високо образование: градежни инженери, архитекти, хемиски инженери и инженери технолози кои работат во секторите: Производство, Техничка примена и пласман, Истражување и развој, Сектор за контрола на квалитет итн.

Овде се споделуваат и тимски се разгледуваат сумираните практични искуства низ годините и се применуваат и одобруваат рецептури и технологии кои ја одржуваат и унапредуваат целата производна програма. Темелите на Адинг се вработените, па токму затоа се води грижа за нивното знаење и професионално усовршување, тие се најголемото богатство - а инвестирањето во нив е инвестиција во иднината на компанијата.
















# Производна програма

ХИДРОМАЛ ФЛЕКС, ИНГУНИТ-Т, ПОДИНГ-К, ХИДРОКОЛ-Л, ФЛУИДИНГ-М, ХИДРОИЗМ-Т, СУПЕРФЛУИД-21, ЕКСМАЛ, ИНГУНИТ-Т ЕКО, РЕПАРАТУР ГЛЕТ, АДИНГФЛЕКС, АНТИКОРОЗИН, ПЛАМАЛ-С, ХИДРОКОЛ-С, АДИНГПОКС-Л, СТИРОКОЛ,ХИДРОГЛЕТ-В, АДИНГМАРКЕР, АДИНГКОЛОР, ХИДРОФАС/АДИНГФАС ПОДЛОГА, ФАСИЛ-К, ОПЛАТИН, СОЛВЕНТ-П, ФЛУИДИНГ, ИНГУНИТ-Т, ХИДРОМАЛ ФЛЕКС, ХИДРОКОЛ-Л, ФЛУИДИНГ-М, ПОДИНГ-К, ХИДРОИЗМ-Т, СУПЕРФЛУИД-21, ЕКСМАЛ, ИНГУНИТ-Т ЕКО, ХИДРОМАЛ ФЛЕКС, АДИНГФЛЕКС, АНТИКОРОЗИН, ПЛАМАЛ-С, ХИДРОКОЛ-С, АДИНГПОКС-Л,СТИРОКОЛ,ХИДРОГЛЕТ-В, АДИНГМАРКЕР, АДИНГКОЛОР, ХИДРОФАС/АДИНГФАС ПОДЛОГА, ФАСИЛ-К, ОПЛАТИН, СОЛВЕНТ-П,ФЛУИДИНГ, ФЛУИДИНГ-М, ХИДРОЗИМ, СУПЕРФЛУИД-Т, ЕКСМАЛ, РЕПАРАТУР МАЛТЕР, АДИНГПОКС-1П ЕКО,ТИЛИНГ, ФУГОФИЛ, ХИДРОМАЛ ФЛЕКС, АДИНГФЛЕКС, АНТИКОРОЗИН, ПЛАМАЛ-С, ХИДРОКОЛ-С, АДИНГПОКС-Л, СТИРОКОЛ,ХИДРОГЛЕТ-В, ИНГУНИТ-Т, ПОДИНГ-К, ХИДРОМАЛ ФЛЕКС, ХИДРОКОЛ-Л, ФЛУИДИНГ-М, ПОДИНГ-К, ХИДРОИЗМ-Т, СУПЕРФЛУИД-21, ЕКСМАЛ, ИНГУНИТ-Т ЕКО, СУПЕРФЛУИД-Т, ЕКСМАЛ, РЕПАРАТУР МАЛТЕР, АДИНГПОКС-1П ЕКО,ТИЛИНГ, ФУГОФИЛ,ФАСИЛ-К, ХИДРОМАЛ ФЛЕКС, АДИНГФЛЕКС, АНТИКОРОЗИН, ПЛАМАЛ-С, ХИДРОКОЛ-С, АДИНГПОКС-Л,СТИРОКОЛ, ХИДРОГЛЕТ-В,

Денес, во Адинговите лаборатории и производствени погони се креираат повеќе од 100 производи со докажан висок и постојан квалитет, кои својата примена ја наоѓаат во градежништвото. Адинговиот развојно-истражувачки тим секојдневно ги следи и анализира новите потреби во градежништвото. Континуираното иновирање и потрагата по нови, подобрени перформанси на производите ја водат компанијата кон едно ново и повисоко технолошко ниво.

Производната програма што ја нуди компанијата ги задоволува и најспецифичните потреби на градежништвото, а е сочинета од следниве 12 групи производи:

- АДИТИВИ ЗА БЕТОН
- СМЕСИ ЗА ЗАЛЕВАЊЕ
- РЕПАРАЦИЈА НА БЕТОНИ
- ИНДУСТРИСКИ И СПОРТСКИ ПОДОВИ
- ГРАДЕЖНИ КИТОВИ
- ХИДРОИЗОЛАЦИИ
- ЗАШТИТНИ ПРЕМАЗИ
- ПРОТИВПОЖАРНИ МАТЕРИЈАЛИ
- ГРАДЕЖНИ ЛЕПИЛА
- СМЕСИ ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ
- ДЕКОРАТИВНИ ПРЕМАЗИ И МАЛТЕРИ
- ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ





# Во светот



Нашите производи се распространети во регионот на Југоисточна Европа и Азија, а речиси 80% од вкупното производство се пласира надвор од границите на матичната земја на компанијата - Р. Македонија. Со квалитетот на производите што им ги нудиме на нашите потрошувачи сме препознатливи на пазарот, континуирано создаваме нови и успешни соработки и притоа отвораме нови пазари. Така, денес производите на Адинг се застапени во:

Романија
Унгарија
Украина
Босна и Херцеговина
Бугарија
Македонија
Косово
Хрватска
Иран
Русија
Албанија
Казахстан
Србија
Грција






# Референци






Низ годините од нашето постоење, вградивме многу наши производи во големи и значајни градби, притоа создадовме многу успешни соработки и партнерства. Производите што ги нудиме се секогаш во чекор со современото градежништво и модерната технологија, успешно решавајќи многу технички проблеми што се секојдневно присутни при изведбата на нови или санација на стари објекти.

Денес Адинг е компанија која се гордее со многубројните успешни проекти, земајќи учество во изградба на патишта, мостови, брани и уште безброј други градби.
















# Сертификати




Ние сме компанија сертифицирана со ISO 9001:2000, што значи постојано подобрување на квалитетот на производите и услугите, грижа за клиентите и грижа за вработените.

Согласно политиката за квалитет што ја води нашата компанија, нашите производи и услуги ги исполнуваат искажаните и реалните барања на корисниците како и важечките закони, прописи и стандарди.

Адинг го поседува и сертификатот ISO 14001:2004 и води активна политика за зачувување на здрава животна средина. Ние вршиме континуирано подобрување на технолошките процеси за да ги намалиме евентуалните штетни влијанија, правиме замена на опасните и штетни материјали со еколошки материјали, ги класифицираме отпадните материјали според можностите за нивно рециклирање и сл.

Нашата цел е да се стимулира секоја мерка што води кон заштита и подобрување на животната средина и да влијаеме на подигањето на еколошката свест и внатре во компанијата и надвор во нејзиното опкружување.

# Адреси

**ADING**


- **АДИНГ** АД - **Скопје,**
  1000 Скопје, Р.Македонија
  ул. Новоселски Пат б.б.
  тел: ++389 2 2034 822; 2034 840
  факс: ++389 2 2034 821
  *ading@ading.com.mk*

- **Бизнис центар АДИНГ,**
  Скопје,
  тел: ++ 389 2 2031 424
  факс: ++ 389 2 2035 170
  *info@bc-a.com.mk*

- **ИНВЕСТ А,**
  Скопје,
  тел: ++ 389 2 2046 300
  факс: ++ 389 2 2046 400
  *investa@t-home.mk*

- **БИРОПРОЕКТ,**
  Скопје,
  тел: ++ 389 2 3243 790
  факс: ++ 389 2 3243 796
  *biroproekt@biroproekt.com.mk*

---

- **ВЕГАМАРКЕТ ПЛУС, Москва,**
  тел: ++ 7495 371 64 36
  *wegamarket@yandex.ru*

- **ТОО АЛФАР, Алма Ата,**
  тел: ++ 732 72 40 1688
  *alfar@nursat.kz*

- **Солис Копани, Киев,**
  тел: ++ 380 44 228 8128
  *yanchev_vlad@yahoo.com*

- **АДИНГ, Белград,**
  тел: ++ 381 11 2279 338, 2158 014
  факс: ++ 381 11 2160 576
  *ading_bgd@ptt.rs*
  Ниш
  тел/факс: ++ 381 18 519 432, 519 433
  *ading_nis@ptt.rs*

- **АДИНГ Бугарија, Софија,**
  тел: ++ 359 2 9555 388
  *office_sofia@ading.eu*

- **Ѓуришиќ и Кум, Бар,**
  тел: ++ 382 85 341 699
  *djurisic.ljutica@cg.yu*

- **АДИНГ, Грција, Солун,**
  П.Фах 247 - П.Ц. 570 22
  тел: ++ 30 2310 569 130
  факс: ++ 30 2310 569 139

- **ИЗОЛИМИ, Приштина,**
  тел: ++ 381 38 563 280
  факс: ++ 381 38 563 290
  *izolimi_s@yahoo.com*

- **Кралекс, Букурешт,**
  тел: ++ 4021 350 9018
  факс:++4021 350 9019
  *office@kralex.ro*

- **Адинг-ХР, Сплит,**
  тел: ++ 385 98 9833 020
  факс:++385 21 886 024
  *apostolski.zoran.ading-hr@st.t-com.hr*

- **АДИНГ Х Кфт., Будимпешта,**
  тел: ++ 3629 367 457
  *info@ading.hu*

- **Прохема, Брчко,**
  тел: ++ 387 49 240 400
  факс:++387 49 240 401
  *prohema@teol.net*

- **ГПГ Инженеринг, Лукавац**
  тел: ++ 387 35550 075
  факс:++387 35550 076








ADING

состојка на секоја градба

www.ading.com.mk

БИРО ПРОЕКТ 2009